Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

# Извадок на дел од дневните настани 25.05.2024

На 24.05.2024 во 22.50 часот на паркинг на Средно Водно, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Т.(26) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.05.2024 во 20.35 часот полициски службеници од Полициското одделение Галате во гостиварски Сенокос го привеле Б.А.(45) од истото село, кој би баран со потерница врз основа на судска наредба за издржување на затворска казна од три години. Б.А. е спроведен во КПУ- Идризово во Скопје.

На 24.05.2024 во 11.30 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Ф.С.(27) од Косово затоа што при извршена проверка констатирано било дека бил баран по телеграма од Полициската станица за Граничен премин и граничен надзор Белановце. Тој бил предаден на полициски службеници од Одделението за прекуграничен криминал и миграции при Регионалниот центар за Гранични работи–Север за понатамошна постапка.

На 24.05.2024 во 20.40 часот во Полициската станица Свети Николе било пријавено дека на ул.„Септемвриска" во Свети Николе се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „митсубиши" со светиниколски регистарски ознаки, управувано од Т.П.(58), и мотоцикл „сузуки", управуван од С.А.(26), двајцата од Свети Николе. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатирани во здравствена установа. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Свети Николе.

На 24.05.2024 во 08.40 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Т.Н.(53) од Скопје пријавил дека на ул. „Исаија Мажовски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.05.2024 во периодот од 08.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од дозволената. При контролата биле санкционирани вкупно 77 пречекорувања на брзината надвор од населено место (ТЕ-40 и ГВ-37), од кои 5 возачи (ТЕ-2 и ГВ-3) возеле со брзина од дури над 70 километри на час, а 26 (Те-13 и ГВ-13) со брзина од 50 до 70 км/час повеќе од дозволеното. При контролата исто така се констатирани и санкционирани 40 други видови прекршоци (ТЕ-23 и ГВ-17). На 24.05.2024 во периодот од 14.00 до 20.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непрописно престигнување. При контролата биле откриени и санкционирани 27 прекршоци за непрописно престигнување (ТЕ-11 и ГВ-16). При контролата, исто така биле констатирани и 7 (ТЕ) други видови сообраќајни прекршоци. За прекршоците изготвени се предвидените поднесоци.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.05.2024) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 77 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 23 санкции, пет санкции за користење мобилен телефон при возење, четири мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, шест санкции за некористење на сигурносен појас...

Во текот на вчерашниот ден (24.05.2024) во времето од 08.00-14.00 часот на територија на СВР Битола изречени се 30 мерки за возење со повеќе од дозволената брзина и тоа 15 мерки надвор од населено место и 15 мерки во населено место. Исто така, во времето од 14.00-20.00 часот, на подрачјето на СВР Битола е спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непрописно престигнување при што изречени биле 23 мерки.

На 24.05.2024 во 10.50 часот полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Штип го привеле Ш.Н.(32) од Штип, затоа што при извршен претрес во неговиот дом со судска наредба од Основен суд Штип биле пронајдени и одземени кафеава прашкаста материја и таблети трамадол. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23/24.05.2024 од страна на полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје постапено е по план на СВР Скопје, при што извршена е контрола во повеќе угостителски објекти. При тоа лишени од слобода се девет лица, кај кои била пронајдена дрога. При преглед кај К.Л. (31), П.З. (31) и Б.Д. (30) пронајдена е бела прашкаста материја, кај Г.Џ. (30), Л.М. (22), Ж.Ј.(33), А.Ш. (27) и А.Н. (22) пронајдена е марихуана, а кај А.Б. (24) пронајдена е дробилка со марихуана. При контролата е извршено легитимирање и преглед на 59 лица и пет патнички возила.

На 24.05.2024 во 20.15 часот во СВР Скопје, 23-годишна жена пријавила дека околу 17.00 часот на подрачјето на Гази Баба, била физички нападната од нејзиниот невенчан сопруг Б.У. (26) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.05.2024 во 10,00 часот во село Крива Круша, општина Чашка, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со оружје при СВР Велес од Н.М.(42) од истото село одзеле ловна пушка која ја поседувал без дозвола. Известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 24.05.2024 во 09.30 часот на место викано „Црници", во атар на село Степанци, општина Чашка, од полициски службеници од СВР Велес биле затекнати И.Ш.(64) и Е.А.(33), двајцата од Прилеп, кои пренесувале дрва без соодветна документација за тоа. Од нив било одземено патничко возило „лада" без регистарски ознаки, натоварено со дрва, и две моторни пили. По документирање на настанот против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 24.05.2024 во 17.30 часот во Полициска станица Велес В.И.(25) од Чашка пријавил дека на улица „Андон Шурков" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 24.05.2024 во 14.15 часот во Полициската станица Бит Пазар, М.А.(50) од Скопје пријавила дека од домот се оддалечила нејзината ќерка М.А.(14), која и претходно се оддалечувала од домот и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 24.05.2024 од 08 до 14 часот, на подрачјето на СВР Охрид полициските службеници затекнале и санкционирале 49 возачи кои управувале возило со брзина поголема од дозволената (Охрид-10, Струга-20, Кичево- 19).

На 24.05.2024 во 10.00 часот во СВР Скопје, В.Ѓ.(21) од с.Катланово, општина Петровец, пријавил дека околу 09.50 часот додека бил на своето работно место на бензинска станица во с.Петровец, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.05.2024) во 03.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Бит Пазар настанал пожар во патничко возило „фолксваген пасат" со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.Ц.(27) од Скопје. Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.05.2024) во 04.26 во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Генерал Михајло Апостолски" во Штип настанал пожар во куќа сопственост на С.Н.(50) и М.Д.(72). Пожарот бил изгаснат од Териоторијалната противпожарна единица Штип. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 24.05.2024 во 16.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Ф.Е.(47) од с.Трубарево, скопско пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син А.Е.(13) кој и претходно се оддалечувал од домот и бил враќан назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 24.05.2024 во 11.00 часот полициски службеници од Полициската станица Валандово го лишиле од слобода К.А.(33) од валандовско, по претходна пријава дека околу 10.00 часот во домот упатувал закани кон неговите родители и агресивно се однесувал, а кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. Известен бил јавен обвинител и по целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет